35693 A

Нова Македонија, Скопје, 5.II.1988, 14739, 8

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ „СКОПЈЕ"

# Изложба за Паоло Портогези

● АВТОР НА ПОСТАВКАТА И НА ИЗЛОЖБАТА ПОСВЕТЕНА НА ОВОЈ ПОЗНАТ ИТАЛИЈАНСКИ АРХИТЕКТ Е НЕГОВИОТ НЕКОГАШЕН АСИСТЕНТ, ЈУГОСЛОВЕНОТ СЛОБОДАН СЕЛИНИЌ

Денес на пладне во 12 часот во големата сала на Музејот на современата уметност во Скопје архитектот Живко Поповски ќе ја отвори изложбата под наслов „Domus sapientiae" која го претставува опусот на големиот италијански и светски архитект **Паоло Портогези.** Автор на изложбата и на поставката е некогашниот асистент на Портогези, Југословенот Слободан Селиниќ, а изложбата во Скопје Музејот ја реализираше во соработка со Одделот за култура при Италијанската амбасада во Белград и Сојузот на друштвата на архитектите на Македонија. Архитектот Селиниќ половина час по свеченото отворање на изложбата ќе одржи и предавање на тема: „Град по катаклизма — континуитет во меморијата на градскиот центар".

Кој е Портогези? И според практичното дело и според теоретските трудови тој е изразит претставник и застапник на постмодерната, популарен но и анатемисан поради обилното и нескриено користење на цитати од историјата на архитектурата и на уметноста. Роден е во 1931 година во Рим каде во 1957 година дипломирал архитектура на Универзитетот во Рим. Меѓу другото, денес е редовен професор на Универзитетот della Sapienza во Рим, каде предава архитектура, од 1983 година е претседател на Биеналето во Венеција (до оваа година), учествувал на конкурсот за хуманизација на Нов Белград и др.



**Паоло Портогези: Народна банка Молисе, Кампобасо, 1984**

Изложбата на Слободан Селиниќ за Паоло текст содржи фотографии од негови изведени проекти, оригинални цртежи, списанија што тој ги уредувал, книги што ги издал, а за време на одржувањето на изложбата во Музејот ќе бидат емитувани и видео-касети за неговото дело.

Изложбата на Слободан Селениќ за Паоло Портогези досега ја виде публиката на Белград, Загреб, Љубљана, Будва и Сараево. Во Скопје оваа поставка „Domus sapientiae" ќе трае околу три недели.

С. Г.